Врз основа на член 94, став 1, алинеја 43, член 173, став 2 и член 175, став 2 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021), Универзитетскиот сенат, на 19. седница одржана на 31.3.2022 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за потврдување на избор во звањето редовен професор**

**Член 1**

Се потврдува изборот во звањето редовен професор на д-р Елена Шукарова-Ангеловска, вонреден професор на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Медицински факултет – Скопје, во наставно-научната област:

- *медицинска генетика (30115).*

Редовниот професор го задржува звањето доживотно и заснова работен однос на **неопределено време.**

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Универзитетски гласник.*

**Претседател на Универзитетскиот сенат**
**Проф. д-р Анета Баракоска, с.р.**

Врз основа на член 94, став 1, алинеја 43, член 173, став 2 и член 175, став 2 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021), Универзитетскиот сенат, на 19. седница одржана на 31.3.2022 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за потврдување на избор во звањето научен советник**

**Член 1**

Се потврдува изборот во звањето научен советник на д-р Наташа Матева, виш научен соработник на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Институт за сточарство – Скопје, во наставно-научната област:

- *4.2. сточарство и млекарство (технологија на млеко и млечни производи)*, според Класификацијата на научноистражувачките подрачја, полиња и области (меѓународна Фраскатиева класификација).

Научниот советник го задржува звањето доживотно и заснова работен однос на неопределено време.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во *Универзитетски гласник.*

**Претседател на Универзитетскиот сенат**
**Проф. д-р Анета Баракоска, с.р.**

Врз основа на член 94, став 1, алинеја 22 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021) и Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр. 417/19), Универзитетскиот сенат на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, на 19. седница одржана на 31.3.2022 година, го донесе следниов

**П Р А В И Л Н И К**
**за дополнување на Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје**

**Член 1**

Во член 82 од **Правилникот за условите, критериумите, правилата и постапката за запишување и студирање на прв циклус студии (додипломски студии) и втор циклус студии (постдипломски студии) на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје (Универзитетски гласник бр.** 417/19), по став 3 се додава нов став 4, кој гласи:

„По исклучок на став 3 од овој член, во услови на прогласена вонредна, кризна или воена состојба во земјата од која студентот преминува, може да се дозволи преминување и доколку студентот на единицата на Универзитетот треба да реализира помалку од 60 % од предвидените кредити од студиската програма. Одлука за остварување на ова право донесува надлежниот орган на единицата.“

**Член 2**

Овој Правилник влегува во сила со денот на објавувањето во *Универзитетски гласник.*

**Претседател на Универзитетскиот сенат**
**Проф. д-р Анета Баракоска, с.р.**

Врз основа на член 28, став 1, точка 5 од Статутот на Здравствената установа Поликлиника на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 166/2011 и бр.573/2021), Управниот одбор, на седницата одржана на 18.3.2022 година, ја донесе следнава

**СТАТУТАРНА ОДЛУКА**
**за дополнување на Статутот на Здравствената установа Поликлиника на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

**Член 1**

Со оваа Статутарна одлука се врши дополнување на Статутот на Здравствената установа Поликлиника на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 166/2011 и бр. 573/2021).

**Член 2**

Во Статутот на Здравствената установа Поликлиника на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, член 16, став 2 се дополнува со една нова точка која гласи:
„12. Одделение за психолошко советување."

**Член 3**

Оваа Статутарна одлука влегува во сила со денот на објавувањето во *Универзитетски гласник.*

**Претседател на Управниот одбор**
**Д-р Виолета Милошевска, с.р.**

Врз основа на член 94 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021) и член 157, став 1, алинеја 8 од Статутот на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје (Универзитетски гласник бр. 425/2019), Универзитетскиот сенат, на 19. седница одржана на 31.3.2022 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за согласност на Статутарната одлука за дополнување на Статутот на Здравствената установа Поликлиника на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје**

**Член 1**

Со оваа Одлука се дава согласност на Статутарната одлука за дополнување на Статутот на Здравствената установа Поликлиника на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје.

**Член 2**

Одлуката стапува во сила со денот на донесувањето и ќе се објави во *Универзитетски гласник.*

**Претседател на Универзитетскиот сенат**
**Проф. д-р Анета Баракоска, с.р.**

Врз основа на член 94, став 1, алинеја 39 од Законот за високото образование (Службен весник на Република Македонија бр. 82/2018 и Службен весник на Република Северна Македонија бр. 178/2021) и член 5, став 2 од Правилникот за работата и надоместокот на овластено лице за прием на пријави на корупција на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје бр. 02 – 142/8 од 27.1.2020 година (Универзитетски гласник бр. 485/2022), Универзитетскиот сенат, на 19. седница одржана на 31.3.2022 година, ја донесе следнава

**О Д Л У К А**
**за избор на овластено лице за прием на пријави на корупција**

**Член 1**

За овластено лице за прием на пријави на корупција од редот на редовните професори на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј" во Скопје, се избира:

- проф. д-р Гордан Калајџиев**, редовен професор на Правниот факултет „Јустинијан Први" во Скопје.**